# З А К О Н
# ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

**Редакциски пречистен текст[1]**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Содржина на законот
### Член 1

(1) Со овој закон се уредува/уредуваат едношалтерскиот систем, водењето на трговскиот регистар и на регистарот на други правни лица, регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност, регистар на казни за сторените кривични дела на правни лица од страна на Централниот регистар на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Централниот регистар), во писмена и електронска форма како и преземањето на водењето на трговскиот регистар, судскиот регистар, регистарот на водните заедници, регистарот на водостопанства, регистарот на здруженија и фондации и регистарот на комори од надлежните судови од страна на Централниот регистар.

(2) Ако со закон со кој е определено водењето на регистар не е определена постапката за водењето на тој регистар, уписот ќе се врши според правилата за постапката утврдена во овој закон.

### Значење на поимите употребени во овој закон
### Член 2

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Главна приходна шифра" се броеви и букви со кои се означува дејноста што има најголемо учество во структурата на остварените приходи на субјектот на упис согласно со Националната класификација на дејноста (НКД);

---

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, ги опфаќа: основниот текст на Законот објавен во "Службен весник на РМ" бр.84/05, Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица објавен во "Службен весник на РМ" бр. 13/07, Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 68/2007, објавена во "Службен весник на РМ" бр. 115/07, Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, објавен во" Службен весник на РМ" бр.150/07, Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, објавен во " Службен весник на РМ" бр. 140/08; Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 145/2008, објавена во "Службен весник на РМ" бр 17/09, Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 68/2009, објавена во "Службен весник на РМ" бр 28/10, Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 17/11 , Законот за дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица," Службен весник на РМ" бр. 53/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 70/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 115/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 97/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 192/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 53/16, Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 67/2015, објавена во "Службен весник на РМ" бр 114/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, објавен во "Службен весник на РСМ" бр. 98/19, Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, објавен во "Службен весник на РСМ" бр. 122/21 и Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, објавен во "Службен весник на РСМ" бр. 215/21, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

2. „Едношалтерски систем," е систем којшто овозможува прием, обработка, дистрибуција и обединет пристап кон податоците определени со закон, запишани во трговскиот регистар, во регистарот на други правни лица и другите основни регистри воспоставени со закон од значење за субјектите на упис;

2-а. "Систем за е-регистрација" е информациски систем кој овозможува поднесување на пријава преку Интернет и нивно евидентирање, обработка, чување и размена на податоци и документи во електронска форма;

3. „Електронски деловодник" е деловодник на сите пријави примени од страна на регистрационите канцеларии на Централниот регистар којшто се води во електронска форма;

4. „Единствен електронски образец" е електронски систем за внес и обработка на податоци, определен и изготвен од страна на Централниот регистар;

5. „Збирка на прилози" е дел од регистар во којашто се приложуваат исправи и докази на секој запишан субјект;

6. „Изјава - заверена кај нотар" е изјава чијшто потпис е заверен кај нотар;

7. „Единствен матичен број на субјектот на уписот во регистарот" (ЕМБС) е единствен, непроменлив и неповторлив идентификационен број на субјектот на уписот кој се определува електронски;

8. „Заклучок" е одлука со кој се одлучува за прашања што се однесуваат на постапката, како и за оние прашања што како споредни ќе се појават во врска со спроведувањето на постапката, а за кои не се донесува решение;

9. Национална класификација на дејностите (НКД) е национален стандард усогласен со европската класификација на дејности (НАЦЕ) и се употребува за идентификување, групирање и дефинирање на дејностите според кои се врши распределувањето на деловните субјекти;

10. "Модул 11" е аритметичка формула за доделување на неповторливи броеви;

11. „Основни регистри" се регистри и именици кои се воспоставени со закон и коишто се водат во и надвор од Централниот регистар;

12. „Овластено лице за регистрација" е лицето вработено во Централниот регистар кое согласно со овој закон е овластено да врши регистрација на субјектите на уписот;

12-а. ,,Регистрационен агент" е трговец поединец или трговско друштво кое е регистрирано за вршење на сметководствена дејност, адвокат и адвокатско друштво кои имаат овластување за поднесување пријава за упис преку Системот за е-регистрација;

13. "Предбележба на податоци" е упис којшто го врши Централниот регистар во регистарот без носење на решение;

14. "Пријава за упис" е пропишан образец, поднесен од овластен подносител, во којашто е содржано барањето за упис во регистар;

15. "Општа клаузула за бизнис" е назнака дека субјектот на упис во трговскиот регистар може да ги врши сите дејности според Националната класификација на дејности (НКД);

16. "Приоритетна дејност" е дејност од НКД со чие вршење субјектот на упис има намера да оствари најголем дел од вкупниот приход во првата година во која извршил регистрација;

17. „Посебни регистри" се регистри кои се водат согласно со закон и друг пропис во кои се евидентираат правно релевантни податоци за трговските друштва и други правни лица (лиценци, дозволи, концесии, категоризации и слично);

18. „Регистар/и" според овој закон се трговскиот регистар и регистарот на другите правни лица;

19. „Решение за упис" е акт кој е изработен во форма на образец соодветен за видот на уписот;

20. „Решение за отфрлање на пријавата за упис" е акт со кој се образложени причините за отфрлање на пријавата за упис во регистар;

21. „Субјект на уписот"" е субјектот за кого со закон е определено да се врши упис во основните регистри и други правни субјекти основани со закон.

22. „Трговскиот регистар" и „Регистарот на други правни лица" се јавни книги кои претставуваат единствена електронска база на податоци којашто содржи податоци и прилози (исправи и докази) за субјектите на уписот за кои уписот е пропишан со закон.

23. Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност" е јавна книга која претставува единствена електронска база на податоци којашто содржи податоци од евиденцијата на прекршочните санкции на првостепените судови за физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност пропишани со Законот за прекршоците;

24. Регистарот на казни за сторени кривични дела на правни лица е јавна книга која претставува единствена електронска база на податоци која содржи податоци од казнената евиденција на правосилни судски пресуди за главните и споредните казни за сторени кривични дела на правни лица пропишани со Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

## II ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ

### Функција на едношалтерски систем
### Член 3

Преку едношалтерскиот систем се овозможува:

1) обезбедување на податоци кои се задолжителни за почеток на работењето на субјектите на упис;

2) обединување на сите правно релевантни податоци во едно решение правно валидно за почеток на работењето и остварување на правата на одреден субјект и достапност на податоците;

3) достапност до уписите во основните и посебните регистри или бази на податоци коишто согласно со закон се водат во Република Северна Македонија или надвор од неа кога тоа е од значење за воспоставување и функционирање на едношалтерскиот систем и

4) користење на податоци од субјекти кои врз договорна основа внесуваат одредени податоци од значење за едношалтерскиот систем.

### Член 3-а

(1) Стечајните управници преку едношалтерскиот систем внесуваат податоци за стечајните постапки кои се водат пред надлежните судови во Република Северна Македонија согласно со Законот за стечај.

(2) Министерот за економија ја пропишува формата, содржината и начинот на внесување на податоци преку едношалтерскиот систем за стечајните постапки кои се водат пред надлежните судови во Република Северна Македонија согласно со Законот за стечај.

**Работи кои се вршат преку едношалтерскиот систем**
**Член 4**

(1) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем врши:

- определување и доделување на единствен матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС);
- определување на назив и шифра на приоритетна дејност според НКД;
- определување на шифра на организациониот облик на субјектот;
- внесување на единствениот даночен број (ЕДБ) на субјектот на упис;
- внесување на број на обврзник за данокот на додадена вредност за субјектот на упис (број на ДДВ обврзник),
- внесување на сметка од банка по избор на субјектот на упис и
- други податоци од значење на субјектот на упис.
- внесување на податоци за првото вработување на лицата овластени за застапување (застапник по закон) на субјектите на упис и на лицата кои се основачи на субјектите на упис кои ќе се стекнат со статус вработено лице и нивно вклучување во задолжителното социјално осигурување (пензиско, инвалидско и здравствено осигурување) доколку е поднесена пријава и
- давање на електронски сертификати на субјектите на упис кои се издадени од овластените издавачи на електронски сертификати.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член Централниот регистар ги внесува во соодветниот образец за упис, согласно со прописот од членот 23 на овој закон.

(3) Централниот регистар ја доделува и менува главната приходна шифра.

(4) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем обезбедува електронско решение за внесување на податоците од членот 3-а став (1) на овој закон.

(5) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем обезбедува електронско решение за водење на регистарот на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговски друштва во Република Северна Македонија согласно со одредбите од Законот за трговските друштва.

(6) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем обезбедува изразување на деловните и финансиските податоци за субјектите кои се запишани во регистрите и на другите податоци со кои располага, во меѓународно прифатен стандардизиран софтверски јазик.

**Врските на регистрите со државни и други органи, организации и други субјекти**
**Член 5**

(1) Заради воспоставувањето и функционирањето на едношалтерскиот систем, надлежните државни органи и другите институции и организации кои водат основни и посебни регистри и коишто располагаат со податоци од значење за остварување на право, се должни да соработуваат преку едношалтерскиот систем со Централниот регистар и да ги доставуваат податоците со коишто располагаат

без надоместок, како и да даваат појаснувања и помош во врска со вршењето на работите од својата надлежност. Надлежните органи и другите институции и организации кои според закон водат основни и посебни регистри, се должни да му овозможат на Централниот регистар непречено користење на нивните податоци.

(2) Централниот регистар обезбедува приклучна точка во едношалтерскиот систем преку својата инфраструктура за електронско поврзување на своите регистри со другите регистри или бази на податоци коишто се водат согласно со закон.

(3) Поврзувањето со Централниот регистар се врши врз основа на единствени постапки и обрасци во електронски или друг облик преку безбедни врски, заради постигнување рационалност во работењето и нивна полесна и побрза достапност до едношалтерскиот систем.

(4) Трошоците за електронското поврзување, кое овозможува електронска размена на податоците со субјектите учесници во едношалтерскиот систем, ги поднесува секоја страна - учесник.

**Доделување на единствен матичен број**
**на субјектот (ЕМБС)**
**Член 6**

(1) Секој субјект на уписот добива единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) којшто се состои од седмоцифрен број, кој се доделува електронски според модулот 11, при првиот упис.

(2) Единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) е единствен идентификатор на субјектот на уписот при остварување на своите права и обврски пред надлежните државни органи и организации и други институции определени со закон. ЕМБС е единствен идентификатор кој се користи во комуникацијата и размената на податоци од значење за субјектите на упис меѓу сите државни органи, организации и други институции.

(3) Единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) не може да се менува, ниту по бришењето на субјектот на уписот да се доделува на друг субјект на упис.

(4) На еден субјект на упис не може да му се додели повеќе од еден единствен матичен број на субјектот (ЕМБС).

(5) Подружница или друга организациона единица определена со закон се означува со ЕМБС на субјектот на уписот којшто ја организирал, како и со свој подброј.

**Упис на дејноста**
**Член 7**
**Општа клаузула за бизнис**

(1) Општата клаузула за бизнис му овозможува на субјектот упис во трговскиот регистар и вршење на сите дејности според Националната класификација на дејности (НКД).

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член дејностите за кои според НКД со закон е пропишано да се вршат само врз основа на согласност, дозвола или друг акт на државен орган, субјектот на упис може да ги врши откако за дејностите добил согласност, дозвола или друг акт на државен орган согласно со закон.

(3) За субјектите на упис во регистарот на други правни лица се внесуваат податоци кои се од значење за вршење на дејноста.

**Член 7-а**
**Приоритетна дејност**

(1) Според приоритетната дејност Централниот регистар го вклучува новиот субјект на упис во податоците за секторската распределба на субјектите по дејности во Република Северна Македонија.

(2) Приоритетната дејност не ја исклучува, ниту ограничува примената на општата клаузула за бизнис во однос на ниту еден субјект на упис.

(3) Овластеното лице за упис во регистарот е должно да ја наведе во пријавата за упис приоритетната дејност.

(4) Приоритетната дејност има важност до доделувањето на главната приходна шифра.

**Начин на определување на претежната дејност**
**Член 8**

НКД ја донесува Владата на Република Северна Македонија по предлог на Државниот завод за статистика.

**Услови и начин на доделување и менување на главната приходна шифра**
**Член 9**

(1) Главната приходна шифра одговара на соодветната дејност од НКД од која субјектот остварил најголем приход во тековната година.

(2) Централниот регистар автоматски доделува главна приходна шифра на субјектите кои се упишани во трговскиот регистар врз основа на првиот поднесен Образец за распределба на остварени приходи по дејности на субјектот за претходната година.

(3) Централниот регистар автоматски врши проверка на главната приходна шифра и во случај да утврди дека најголемиот остварен приход е од друга дејност, различна од онаа чија приходна шифра е упишана како главна, ќе ја внесе за главна шифрата на дејноста од која е остварен најголемиот приход.

(4) За новите субјекти кои ќе бидат упишани во трговскиот регистар, сé до поднесувањето на првиот Образец за распределба на остварените приходи по дејности, ќе им биде доделена главна приходна шифра врз основа на избраната и упишана приоритетна дејност.

**Начин на определување на шифра на организационен облик на субјектот**
**Член 10**

(1) Централниот регистар врши определување на шифра на организациониот облик на субјектот на упис.

(2) Стандардните шифри на облиците на организирање на деловните субјекти и другите правни лица ги пропишува Централниот регистар, по претходно мислење од Државниот завод за статистика.

**Начин на внесување на ЕДБ на субјектот на упис**
**Член 11**

(1) Централниот регистар покрај ЕМБС врши внесување на ЕДБ на субјектите на упис.

(2) На сите субјекти на кои им се доделува ЕМБС, внесувањето на ЕДБ определен од Управата за јавни приходи, се врши само според одредбите на овој закон.

(3) Внесувањето на ЕДБ се врши со електронска размена меѓу Управата за јавни приходи и Централниот регистар. Управата за јавни приходи доставувањето на ЕДБ го врши во рок од 90 минути од доставувањето на податоците од страна на Централниот регистар.

**Начин на внесување на број на обврзник на данокот на додадена вредност (број на ДДВ обврзник)**

**Член 11-а**

(1) Централниот регистар покрај ЕМБС и ЕДБ врши внесување и на број на обврзник ДДВ на субјектите на упис, во случај на пријава на доброволна регистрација.

(2) Внесувањето на податоци за доброволна регистрација за данокот на додадена вредност за субјектот на упис се врши врз основ на барањето во пријавата за упис, на посебен образец согласно со членот 23 од овој закон.

(3) Внесувањето на податоците за доброволна регистрација за данокот на додадена вредност Централниот регистар го врши електронски, преку електронско поврзување на своите регистри со регистрите на базите на податоци коишто се водат во Управата за јавни приходи.

(4) Внесувањето на бројот на ДДВ, се врши со електронска размена меѓу Управата за јавни приходи и Централниот регистар. Управата за јавни приходи доставувањето на бројот на ДДВ го врши во рок од 90 минути од доставувањето на податоците од страна на Централниот регистар.

**Сметка на субјектот на упис**
**Член 12**

(1) Субјектот на упис избира банка во која ќе ја отвори првата сметка.

(2) Податоците за банката во која ќе ја отвори првата сметка, субјектот на упис ги внесува во соодветниот образец за упис, согласно со членот 23 на овој закон.

(3) Отворањето на првата сметка на субјектот на упис се врши со електронска размена на пратки во реално време меѓу деловната банка во која се отвора првата сметка и Централниот регистар, преку единствениот регистар на трансакциски сметки.

**Внесување податоци за првото вработување на лицата овластени за застапување и на лицата кои се основачи на субјектите на упис**

**Член 12-а**

(1) Внесување на податоци за првото вработување на лицата овластени за застапување (застапник по закон) и на лицата кои се основачи на субјектите на упис се врши доколку е поднесена пријава од субјектот на упис.

(2) Субјектот на упис пријавата за првото вработување на лицата овластени за застапување (застапник по закон) и на лицата кои се основачи на субјектите на упис го поднесува на посебен образец согласно со членот 23 од овој закон.

(3) Внесување на податоци за првото вработување на лицата овластени за застапување (застапник по закон) и на лицата кои се основачи на субјектите на упис и нивното вклучување во задолжителното социјално осигурување (пензиско, инвалидско и здравствено осигурување), Централниот регистар го врши електронски, преку електронско поврзување на своите регистри со регистрите и базите на податоци коишто се водат во Агенцијата за вработување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување и Фондот за здравствено осигурување.

(4) Трошоците за електронско поврзување и за дистрибуирање на податоците ги поднесува секоја страна учесник наведени во ставот (3) на овој член, а утврдени со посебни договори, склучени меѓу Централниот регистар и страните учесници.

**Електронски сертификат**
**Член 12-б**

(1) Централниот регистар како локална регистрациона канцеларија дава електронски сертификати на субјектите на упис издадени од страна на овластените издавачи на електронски сертификати.

(2) Централниот регистар со овластените издавачи на електронски сертификати склучува договор за учество во постапката на регистрација на електронските сертификати.

**Пренесување на податоци од други регистри**
**Член 13**

(1) Судовите, државните органи, коморите и другите институции коишто водат основни регистри (судски регистар, регистар на водни заедници, регистар на водостопанства, регистар на здруженија на граѓани и фондации, единствен регистар на политички партии, регистар на комори, регистар на синдикални организации, регистар на претставништва на странски друштва, регистар на верските заедници и религиозните групи, именик на адвокати, именик на нотари, регистар на занаетчии и други регистри и именици утврдени со закон) се должни по службена должност до Централниот регистар да достават примерок од решението за упис, заради обезбедување на податоците од членот 4 на овој закон.

(2) Основните регистри кон решението за упис приложуваат пријава пропишана во прописот од членот 23 на овој закон, во која субјектот на уписот се определува за податоците од членот 4 на овој закон, како и доказ за уплатениот надоместок согласно со Тарифата на Централниот регистар.

(3) По пренесувањето на податоците од решението за упис и внесувањето на податоците од членот 4 на овој закон, Централниот регистар доставува примерок од решението до основните регистри од ставот (1) на овој член.

(4) Основните регистри од ставот (1) на овој член, се должни да достават примерок од решението за промена или бришење на запишан податок.

(5) Податоците внесени во основните и други регистри од ставот (1) на овој член имаат правно дејство спрема трети лица од денот кога се пренесени во електронска форма на начин определен во ставот (1) на овој член и се објавени на веб страницата на Централниот регистар.

## Регистар на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност

## 13-а

(1) Судовите коишто водат евиденција на прекршочни санкции којашто е пропишана со Законот за прекршоците, се должни да ги доставуваат податоците за физичките и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност по службена должност до Централниот регистар на Република Северна Македонија заради упис во регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност.

(2) Министерот за економија ќе ја пропише формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност.

## Регистар на казни за сторени кривични дела на правни лица

## Член 13-б

(1) Судовите, правосилните одлуки за изречените главни и споредни казни за сторени кривични дела на правни лица, по службена должност ги доставуваат до Централниот регистар на Република Северна Македонија за впишување во регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица.

(2) Главната казна се брише по службена должност од регистарот од ставот (1) на овој член по истекот на три години од денот на извршената или застарената казна.

(3) Споредните казни од членот 96-б точки од 1 до 6 на Кривичниот законик се бришат по службена должност од наведениот регистар по истекот на времето за кое се изречени.

(4) Министерот за економија во соработка со министерот за правда ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на казни за сторени кривични дела на правни лица.

**Членот 13-в е избришан**, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица ("Службен весник на РМ" бр. 17/11).

## Известување по извршениот упис

## Член 14

Централниот регистар по извршениот упис ги известува надлежните државни органи и организации, и тоа:

1) Царинската управа за субјектот на упис кој има регистрирано предмет на работење надворешен промет за неговите запишани податоци во регистарот;

2) Управата за јавни приходи за внесениот ЕДБ за субјектот на упис и за податоците потребни за воспоставување, водење и ажурирање на податоци за субјектите во сопствените системи за евиденција;

3) банката за која субјектот на упис кој се определил за отворање на првата сметка и

4) Државниот завод за статистика за податоците потребни за воспоставување, водење и ажурирање на статистичкиот деловен регистар.

5) Агенцијата за вработување за внесените податоци на лицата овластени за застапување и на лицата основачи на субјектите на упис, кои пријавиле прво вработување и за податоците потребни за воспоставување, водење и ажурирање на податоци за субјектите во сопствените системи за евиденција.

(2) Запишаните податоци во регистарот надлежните државни органи и организации наведени во ставот (1) од овој член можат да ги користат исклучиво за вршење на својата функција утврдена со закон.

**Стручен совет за едношалтерскиот систем**
**Член 15**

(1) Централниот регистар преку стручниот совет обезбедува поставување и одржување на единствена методолошка и технолошка основа на информационите системи кои се од значење за остварувањето на целите и задачите на едношалтерскиот систем утврдени со овој закон.

(2) Стручниот совет го формира директорот на Централниот регистар од органите и организациите кои учествуваат во функционирањето на едношалтерскиот систем.

(3) Директорот на Централниот регистар во работата на стручниот совет може да вклучи и други стручни лица.

(4) Формирањето на стручниот совет, бројот на членовите, начинот на работа и носење на одлуки, како и други прашања, се уредуваат со деловник за работа кој го донесува стручниот совет, а го потврдува директорот на Централниот регистар.

## III ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И НА РЕГИСТАРОТ НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

### 1. Заеднички одредби

**Начела врз кои се водат регистрите и се вршат уписите**
**Член 16**

(1) Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица се водат како основни регистри врз основа на кои се конституираат права засновани на закон.

(2) При водењето на регистрите, а посебно при внесувањето и постапувањето со податоците во регистрите, Централниот регистар се придржува кон следниве начела:

1) јавност, според кое сите податоци од регистрите се достапни на заинтересираните лица, без докажување на правниот интерес освен ако со закон поинаку не е определено;

2) вистинитост и совесност, според кои третите лица кои се во правниот промет или остваруваат некое свое право веруваат во податоците од регистарот и не ги сносат штетните правни последици коишто можат да бидат предизвикани од невистинит упис на податок или заради пропуштање на упис на податок во регистарот. Во случај на несогласување на податок за упис за субјект на уписот внесен во регистар со податок запишан во бази на податоци на други регистри, за третите лица веродостојни се податоците содржани во регистрите коишто се водат согласно со овој закон;

3) самостојност во решавањето, според кое регистраторот е независен во одлучувањето во рамките на овластувањата утврдени со овој и друг закон;

4) достапност, според кое пристапот до податоците од регистрите е обезбеден и овозможен по електронски пат и на друг пропишан начин;

5) економичност и ефикасност, според кои постапката на регистрација, увидот во регистар и издавање извод од регистар се врши без одолговлекување и со што помали трошоци;

6) првенство, според кое при постоење на судир на интереси во врска со упис на податок во регистар, првенство има порано поднесената пријава за упис;

7) стручност, според кое регистраторот и другите лица уписите ги вршат со високо ниво на професионалност и професионална етика и

8) единство на запишување на податоците при упис, според кое при поднесување на пријавата за упис истовремено се запишуваат сите податоци од пријавата за упис.

**Надлежност за водење на регистрите**
**Член 17**

(1) Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица ги води Централниот регистар преку регистрациони канцеларии.

(2) Централниот регистар со свој акт ги определува општините во кои отвора канцеларии од ставот (1) на овој член.

(3) Актот од ставот (2) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и е достапен на веб страницата на Централниот регистар.

**Регистратор**
**Член 18**

(1) Регистраторот на предлог на директорот на Централниот регистар, го именува Управниот одбор на Централниот регистар.

(2) Регистраторот се именува од редот на дипломираните правници со положен правосуден испит и со работно искуство не помало од пет години на правни работи по полагањето на правосудниот испит. Именувањето се врши врз основа на јавен оглас за период од четири години, со право на повторно именување.

(3) На предлог на директорот на Централниот регистар, Управниот одбор на Централниот регистар, може да го разреши регистраторот пред истекот на времето за кое е именуван, и тоа:

1) на барање на регистраторот;

2) ако регистраторот не ја врши својата функција во согласност со закон и со актите на Централниот регистар, по претходно спроведена постапка и утврдена фактичка состојба;

3) ако е осуден за кривично дело за коешто е предвидена казна затвор во траење подолго од шест месеца или му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност, во траење подолго од шест месеца;

4) во случај на спреченост за вршење на функцијата поради болест подолго од шест месеца и

5) злоупотреба на функцијата.

**Овластувања и обврски на регистраторот**
**Член 19**

(1) Регистраторот ги има следниве овластувања и обврски:

1) врши уписи во соодветниот регистар според постапка определена со закон, издава потврди за поднесена пријава за упис и донесува одлуки по поднесена пријава за упис;

2) обезбедува увид во соодветниот регистар, издава заверен извод од регистарот и копии на исправите и доказите за субјектите на уписот врз основа на којшто е извршен упис во регистарот;

3) се грижи обрасците за упис во регистарот да бидат достапни до субјектите на упис во пишана форма и преку веб страницата на Централниот регистар;

4) обезбедува пренесување од писмена во електронска форма на исправите и доказите на субјектите на упис врз основа на којшто е извршен упис во регистарот;

5) се грижи за чување на сите исправи и докази на субјектите на упис врз основа на којшто е извршен упис во регистарот и

6) се грижи и за други работи потребни за непречено и правилно функционирање на регистрите во согласност со закон и други прописи и акти на Централниот регистар.

(2) Регистраторот работите од ставот (1) на овој член ги врши во согласност со закон, работи систематски, ажурно ги води регистрите и се однесува професионално кон лицата кои бараат упис и увид во регистрите.

**Изземање на регистраторот**
**Член 19-а**

(1) По барањето за изземање на регистраторот одлучува директорот на Централниот регистар со заклучок.

(2) Со заклучокот со кој е усвоено барањето за изземање ќе се определи друго овластено лице кое ќе решава во постапката во врска со предметот во кој е определено изземањето.

**Овластени лица**
**Член 20**

(1) Регистраторот своите овластувањата од членот 19 на овој закон ги врши преку овластени лица во регистрационите канцеларии.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член ги именува директорот на Централниот регистар на предлог на регистраторот.

(3) Лицата од ставот (1) на овој член се дипломирани правници кои претходно го положиле стручниот испит.

(4) Стручниот испит се спроведува според програма за полагање на стручен испит која на предлог на регистраторот ја донесува Управниот одбор на Централниот регистар. Испитот се полага пред комисија која ја формира директорот на Централниот регистар од лица од кои мнозинството се лица кои не се вработени во Централниот регистар. Работата на комисијата и други прашања од нејзина надлежност се уредуваат со деловник за работа.

**Податоци што се запишуваат**
**Член 21**

(1) Регистарот ги содржи податоците кои со закон е определено дека се запишуваат во регистар.

(2) Во регистарот се внесуваат и податоци коишто се од значење за вршење на дејноста на субјектот на уписот и тоа запишување на доделениот број на обврзник на ДДВ, лиценци, посебни дозволи, концесии и слично, а коишто со закон е определено да се запишуваат во посебни регистри и евиденции. Овие податоци се евидентираат во електронска форма.

(3) Покрај податоците од ставовите (1) и (2) на овој член, по барање на субјектот на упис во регистарот можат да бидат запишани и информации за бројот на телефон, број на факс, адреса на веб страница и други податоци за субјектот на упис содржани како опции во пријавата.

(4) Во постапката за упис во надлежниот регистар субјектите на уписот освен податоците определени во ставот (2) од овој член, се должни да ја пријават за упис и адресата на електронското сандаче за прием на писмена, како и секоја промена на адресата на електронското сандаче.

**Составен дел на регистрите**
**Член 22**

(1) Кога тоа е определено со закон регистарот содржи и збирка на прилози во којашто се приложуваат исправите и доказите (во натамошниот текст: прилозите) на секој субјект на уписот врз основа на којшто е извршен упис во регистарот.

(2) Прилозите од ставот (1) на овој член можат да се поднесуваат во електронска форма.

(3) Прилозите од ставот (1) на овој член и пријавата ако е поднесена во писмена форма, по нивното доставување и пренесување во електронска форма ќе бидат архивирани и трајно се чуваат во согласност со прописите со кои се уредува архивската граѓа.

**Обрасци за упис**
**Член 23**

(1) Уписите во регистар се вршат на посебни обрасци.

(2) Обрасците за упис ги изготвува Централниот регистар и тие го следат системското решение на соодветниот регистар. Формата и содржината на обрасците ги пропишува министерот за економија. Обрасците за упис се достапни и во електронска форма заради нивно поднесување по електронски пат преку едношалтерскиот систем.

**Член 23-а**
**Образец за распределба на остварени приходи по дејности**

(1) Образецот за распределба на остварените приоходи по дејности од членот 9 на овој закон е составен дел на годишната сметка и на финансиските извештаи на субјектот. Рокот за изготвување и доставување на Образецот за распределба на остварените приходи по дејности е идентичен со роковите за изготвување и доставување на годишните сметки и на финансиските извештаи кои се доставуваат до Централниот регистар, согласно со одредбите од Законот за трговските друштва.

(2) Министерот за финансии, ја пропишува формата, содржината и начинот на пополнување на Образецот за распределба на остварените приходи по дејности.

(3) Министерот за финансии ќе пропише кои посебни податоци се потребни за системот на државната евиденција и ќе ја пропише формата и содржината на Образецот на државната евиденција.

**Изјава за точноста и вистинитоста на податоците искажани во годишната сметка и финансиските извештаи**

**Член 23-б**

(1) Во прилог на секоја годишна сметка и финансиските извештаи доставени во хартиена форма се доставува Изјава потпишана од застапникот по закон, дадена под морална, материјална и кривична одговорност за точноста и

вистинитоста на податоците искажани во годишната сметка и финансиските извештаи, а кога годишната сметка и финансиските извештаи се поднесуваат во електронска форма, изјавата која е нивен составен дел се потпишува со електронски потпис..

**Менување на запишани податоци**
**Член 24**

(1) Субјектот на уписот кој барал упис во регистарот може да бара да се менува, дополнува, ажурира и брише податок на извршен упис во регистар или да се врши измена или дополнување на прилозите.

(2) Регистраторот менува, дополнува, ажурира и брише податок на извршен упис во регистар и според правосилна одлука.

**Користење и достапност на податоците**
**Член 25**

(1) Податоците од извршените уписи во регистрите согласно со закон можат да ги користат сите физички и правни лица на начин определен со Законот за Централен регистар, односно со друг закон.

(2) Централниот регистар обезбедува постојан пристап до податоците запишани во регистрите преку својата веб страница.

## 2. Водење на регистрите во електронска форма

**Електронско водење на регистрите**
**Член 26**

Воспоставувањето, водењето и администрирањето на регистрите во електронска форма Централниот регистар го врши на начин и во постапка со кои се обезбедува истоветност на регистарот во писмена и во електронска форма, како и единственост, објективност, сигурност, рационалност, функционалност и јавност.

**Електронско решение за водење на регистрите**
**Член 27**

(1) Централниот регистар изготвува електронско решение за водење на сите видови на уписи во регистрите во електронска форма по хронолошки редослед. Електронското решение обезбедува строго контролиран пристап само на овластени лица до системот пријавени во Централниот регистар, со свое корисничко име и лозинка.

(2) Централниот регистар обезбедува сигурност и заштита на податоците кои ги води во електронска форма преку мерки на физичка заштита и систем за двојно чување на податоци.

**Податоци коишто се чуваат во регистрите во електронска форма**
**Член 28**

(1) Во регистрите во електронска форма на соодветен начин се внесуваат и чуваат пријавата за упис на субјектот на уписот, прилозите (исправите и доказите), одлуките донесени од страна на суд во врска со упис во регистрите и другите поднесоци.

(2) Во регистрите во електронска форма се внесува и чува целокупната содржина на регистрите што се води во писмена форма.

**Електронски деловодник**
**Член 29**

(1) За водењето на регистрите во електронска форма се користи електронски деловодник.

(2) Содржината на електронскиот деловодник се определува со прописот од членот 23 на овој закон.

**Решение за упис во регистарот**
**Член 30**

(1) По внесувањето, проверката и одобрувањето на податоците во електронскиот образец, податоците што се внесуваат во регистарот автоматски се печатат.

(2) Решението за упис во регистарот се донесува на образец соодветен за видот на уписот, според податоците од ставот (1) на овој член.

(3) Решението за упис ги содржи тековните податоци за субјектот на уписот во регистарот.

(4) Донесеното решение за упис е достапно за субјектот на упис во електронска форма во случај кога поднесувањето на пријава за упис се врши по електронски пат преку интернет. По барање на овластениот подносител решението може да му биде доставено на субјектот на упис и во писмена форма.

**Достапност и користење на податоците запишани во регистарот во електронска форма**
**Член 31**

(1) Податоците запишани во регистарот во електронска форма се јавни и достапни по условите утврдени со овој или друг закон.

(2) Податоците запишани во регистарот во електронска форма на трошок на подносителот на барањето се издаваат во вид на информација, потврда, отпечаток од скенирани записи и слично.

(3) Против издадените податоци во вид на информација, потврда, отпечаток од скенирани записи, странката може да изјави приговор. Приговорот се поднесува до Централниот регистар во рок од осум дена од приемот на информацијата, потврдата односно отпечатокот од скенираниот запис.

(4) По приговорот одлучува посебен организационен дел на Централниот регистар.

(5) Решението по приговорот се донесува од страна на Централниот регистар, во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.

(6) Против решението од ставот (5) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

## 3. Постапка за упис во регистар

**Поведување на постапката**
**Член 32**

Постапката за упис во регистарот се поведува со поднесување на пријава за упис во писмена форма до канцеларијата на Централниот регистар, или со поднесување на пријава за упис во електронска форма преку едношалтерскиот систем, доколку со друг закон поинаку не е определено.

**Содржина на пријавата за упис**
**Член 33**

(1) Пријавата за упис се поднесува на пропишан образец кој ги содржи податоците што согласно со закон се запишуваат во соодветниот регистар. Ако не е пропишан образец, пријавата за упис се поднесува како поднесок во којшто се наведуваат податоците коишто според закон се запишуваат во регистарот.

(2) Кон пријавата за упис се приложуваат прилозите определени со закон според видот на уписот, односно податокот што се запишува во регистарот и доказот за уплатениот надоместок на трошоците.

(3) Централниот регистар преку едношалтерскиот систем овозможува сите подносители на пријави за упис во трговскиот регистар кои поднесувањето го вршат по електронски пат надвор од територијата на Република Северна Македонија да користат опција на јазична поддршка на друг службен јазик на земја членка на  Европската унија кој одговара на македонската поддршка за истото решение.

**Подносител на пријавата**
**Член 34**

Подносител на пријавата е лице кое со закон е овластено да поднесува пријава за упис.

Пријавата за упис во електронска форма во име на подносителот од ставот (1) на овој член може да биде поднесена и од страна на регистрационен агент.

**Критериуми за добивање на овластување**
**регистрационен агент**
**Член 34-а**

(1) За добивање на овластување за регистрационен агент, лицето треба да ги исполни следниве критериуми:

1) да е регистрирано како трговец поединец, или  трговско друштво за вршење на сметководствена дејност, или да е запишан во Именикот на адвокати, или Именикот на  адвокатски друштва;

2) да има вработено лице со уверение за сметководител/овластен сметководител согласно со Законот за вршење на сметководствени работи, или да е вршител на адвокатска дејност согласно со Законот за адвокатурата;

3) да исполнува одредени техничко-технолошки услови и опрема соодветни за остварување на овластувањето, да има потпишано договор за користење на Системот за е-регистрација со Централниот регистар на Република Северна Македонија и да поседува личен електронски потпис, согласно со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*) и

4) да има потпишано изјава за заштита на личните податоци пред почетокот на работата и дека ке ги почитува правилата за поднесување пријава за упис определени со закон.

(2) Централниот регистар на Република Северна Македонија ги пропишува формата и содржината на образецот на овластувањето од овој закон.‟

**Трошоци за добивање на овластувањето**
**Член 34-б**

(1) Трошоците за добивање на овластувањето ги сноси барателот.

(2) Трошоците од ставот (1) на овој член ги определува Централниот регистар.

**Постапка за добивање на овластувањето**
**Член 34-в**

(1) За добивање на овластувањето лицето поднесува барање до Централниот регистар.

(2) Со барањето од ставот (1) на овој член се приложува:

1) доказ за вработено лица со уверение за сметководител/овластен сметководител, кога се работи за трговец поединец или трговско друштво за вршење сметководствени работи;

2) изјава дека исполнува одредени техничко-технолошки услови и опрема, соодветни за остварување на овластувањето и личен електронски потпис, согласно со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*) и

3) изјава за заштита на личните податоци потпишана од барателот на овластувањето и дека ќе ги почитува правилата за поднесување пријава за упис определени со закон.

(3) Барањето од ставот (2) на овој член се поднесува на два идентични обрасци со еден прилог на докази.

(4) Централниот регистар ги пропишува формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член.

(5) Доколку се исполнети критериумите утврдени со овој закон, Централниот регистар со лицето од ставот (1) на овој член, потпишува договор за користење на Системот за е-регистрација и во рок од 15 дена, од денот на поднесување на барањето од ставот (1) на овој член, донесува решение за овластување регистрационен агент.

(6) Решението од ставот (4) на овој член се издава со трајна важност.

(7) Овластувањето не може да се пренесува.

**Одбивање на барање**
**Член 34-г**

(1) Централниот регистар на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена од приемот на барањето од членот 34-в став (1) од овој закон, со решение ќе го одбие истото, доколку не се исполнети критериумите определени со овој закон.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Одземање на овластување**
**Член 34-д**

(1) Централниот регистар на Република Северна Македонија со решение ќе го одземе овластувањето за регистрационен агент во случаите кога носителот на овластувањето ќе престане да исполнува еден од критериумите утврдени согласно со членот 34-а став (1) од овој закон, како и во случај кога носителот на овластувањето:

1) не ги почитува правилата за поднесување на пријавата за упис определени со закон;

2) во рок од шест месеци не поднесе ниту една пријава за упис или

3) ќе даде изјава дека не сака да ја извршува дејноста регистрационен агент.

4) доколку во рок од 15 дена од денот на доставување на записникот од членот 34-з став (4) од овој закон не ги отстрани недостатоците констатирани во истиот и за тоа го извести овластеното службено лице.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

(3) Жалбата против решението од ставот (2) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(4) Субјектот на кој му е одземено овластувањето за регистрационен агент ќе може повторно да се стекне со ново овластување за регистрационен агент по истекот на рокот од една година од одземањето на овластувањето.

## Контрола на регистрационен агент

### Член 34-ѓ

(1) Централниот регистар врши контрола на носителот на овластување регистрационен агент, во однос на исполнетоста на критериумите за добивање на овластување, постапувањето при поднесување на пријава за упис и извршувањето на услугите за упис преку Системот за е-регистрација.

(2) Контролата од ставот (1) на овој член се спроведува по службена должност, или по претходно поднесена пријава, со претходна најава или ненајавено. Контролата се спроведува теренски преку непосредна проверка во просториите на носителот на овластувањето и преку евидентираните податоци во регистрите.

(3) Централниот регистар изготвува Годишен план за контрола и на својата веб страница објавува листа на субјекти кои ќе бидат предмет на контрола и временскиот период во кој ќе се спроведе истата. Дополнително, субјектите предмет на контролата ги известува и преку евидентираната адреса на електронско сандаче.

### Член 34-е

(1) Непосредната теренска контрола опфаќа проверка:

- на идентичноста на податоците содржани во пријавата и прилозите поднесени преку Системот за е-регистрација, со податоците содржани во прилозите доставени до регистрациониот агент од субјектот на упис,

- на исполнетоста на критериумите определени со членот 34-а од овој закон,

- дали за извршената услуга за поднесување на пријавата за упис на основање трговец поединец и трговско друштво постапува согласно со членот 35 став (7) од овој закон и

- во постапувањето согласно со членот 82 став (4) од Законот за трговските друштва.

### Член 34-ж

(1) Непосредната теренска контрола ја спроведуваат службени лица вработени во Централниот регистар, овластени од директорот на Централниот регистар.

**Член 34-з**

(1) Регистрационите агенти се должни на овластеното службено лице од членот 34-ж од овој закон, да му обезбедат услови за спроведување на контролата како и да му овозможат увид во потребните исправи и податоци.

(2) За спроведената контрола, овластеното службено лице составува записник во кој се евидентира утврдената фактичка состојба. Записникот го потпишуваат овластеното службено лице и контролираниот регистрационен агент.

(3) Доколку регистрациониот агент одбие да го потпише и прими записникот, одбивањето не е од значење за поведување постапка за одземање на овластувањето.

(4) Доколку при спроведувањето на контролата се утврди неисполнување на критериумите предвидени во членот 34-а од овој закон или непостапување согласно со членот 82 став (4) од Законот за трговските друштва, овластеното службено лице со записник го задолжува регистрациониот агент во рок од 15 дена да ги отстрани утврдените недостатоци.

(5) Овластеното службено лице доколку утврди повреда на членот 35 став (7) од овој закон, во записникот ќе констатира дека ќе се поведе постапка за донесување решение за одземање на овластувањето регистрационен агент.

(6) Примерок од записникот од ставот (2) на овој член, овластеното службено лице му доставува на контролираниот субјект на денот на спроведувањето на контролата.

**Поднесување на пријавата**
**Член 35**

(1) Прилозите (исправите и доказите) поднесени од подносителот на пријавата од членот 34 став (1) од овој закон, кои изворно се составени од субјектот на упис се потпишуваат со електронски потпис на секој учесник во постапката поединечно и имаат значење на оригинал.

(2) Прилозите (исправите и доказите) доставени како прилог кон пријавата за упис, издадени од други надлежни органи се потпишуваат со електронски потпис од овластени лица од надлежните органи и имаат значење на оригинал.

(3) Подносителот од членот 34 став (1) од овој закон прилозите кон пријавата за упис кои се составени во хартиена форма, а кои не се содржани во ставовите (1) и (2) на овој член, мора да ги конвертира, односно пренесе како целина во електронска форма и истите да ги завери со електронски потпис.

(4) Прилозите кои изворно се составени во електронски облик од подносителот од членот 34 став (2) од овој закон и од него потпишани со електронски потпис, имаат значење на оригинал.

(5) Подносителот од членот 34 став (2) од овој закон, прилозите кон пријавата за упис кои се составени во хартиена форма мора да ги конвертира, односно пренесе како целина во електронска форма.

(6) Прилозите од ставот (5) на овој член потпишани со електронски потпис на подносителот од членот 34 став (2) од овој закон имаат значење на заверен препис од оригиналот.

**Член 35-а**

(1) Прилозите кои изворно се составени во електронски облик од подносителот од членот 34 став (2) од овој закон и, од него потпишани со електронски потпис, имаат значење на оригинал.

(2) Подносителот од членот 34 став (2) од овој закон прилозите кон пријавата за упис кои се составени во хартиена форма мора да ги конвертира, односно пренесе како целина во електронска форма.

(3) Прилозите од ставот (2) на овој член потпишани со електронски потпис на подносителот од членот 34 став (2) од овој закон имаат значење на заверен препис од оригиналот.

**Член 35-б**

(1) Регистрациониот агент трговец поединец и трговско друштво, како сметоводител/овластен сметководител, вршат електронско поднесување на пријавата за упис на основање на трговец поединец, друштво со ограничена одговорност и друштво со ограничена одговорност на едно лице.

(2) Регистрациониот агент адвокат поединец или адвокатско друштво вршат електронско поднесување на пријава за упис на трговец поединец, пријава за упис на основање, промена и бришење на сите форми на трговски друштва определени со Законот за трговските друштва во единствениот трговски регистар.

(3) Регистрациониот агент од ставовите (1) и (2) на овој член го утврдува идентитетот на учесниците во постапката за регистрација, вистинитоста на потписите на прилозите кон пријавата за упис и истите ги заверува со свој дигитален потпис.

(4) Идентитетот на учесниците се утврдува врз основа на важечка лична карта или патна исправа, а за правни лица врз основа на доказ за регистрација во надлежниот регистар, додека вистинитоста на потписот се утврдува врз основа на лична изјава со која потписот се признава за свој или со своерачно потпишување на прилозите во присуство на регистрациониот агент.

**Потврда за поднесена пријава за упис**

**Член 36**

(1) По евидентирањето на пријавата за упис во електронскиот деловодник автоматски се доделува деловоден број и се издава потврда за прием.

(2) Потврдата се издава на образец определен со прописот од членот 23 на овој закон, со назначување на времето на поднесувањето на пријавата за упис, бројот под којшто е заведена во електронскиот деловодник, ознаката на регистарот, предметот на упис, списокот на примените прилози и податок за висината на уплатениот надоместок за упис.

(3) Ако пријавата за упис е доставена по електронски пат или по пошта, потврдата без одлагање, се доставува на подносителот на пријавата за упис на поштенската или електронската адреса назначена во пријавата за упис.

**Повлекување на пријава**

**Член 37**

(1) Подносителот на пријавата за упис може пријавата да ја повлече до донесување на првостепено решение.

(2) Ако пријавата е повлечена ќе се донесе заклучок за запирање на постапката.

**Постапување по пријава со недостаток**

**Член 38**

(1) Ако пријавата содржи формален недостаток што го спречува постапувањето по пријавата и само поради тоа не може да биде отфрлена, регистраторот за ова ќе го извести подносителот во рок од пет дена да ги отстрани недостатоците. За известувањето регистраторот ќе стави забелешка на пријавата.

(2) Ако подносителот ги отстрани недостатоците во рокот од ставот (1) на овој член ќе се смета дека пријавата била уредно поднесена. Ако подносителот не ги отстрани недостатоците во утврдениот рок ќе се смета дека пријавата не е поднесена, за што регистраторот ќе донесе заклучок против кој може да се изјави посебна жалба. На оваа последица подносителот на пријавата ќе се предупреди во известувањето за исправка на пријавата.

(3) Ако подносителот на пријавата ги отстрани утврдените недостатоци на пријавата за упис, го задржува правото на првенство на порано поднесената пријава за упис.

**Разгледување на пријава**
**Член 39**

(1) По приемот на пријавата за упис, регистраторот проверува дали:

1) Централниот регистар е надлежен да постапува по пријавата;

2) се исполнети условите за упис определени со закон;

3) потписникот на пријавата е овластено лице за нејзино поднесување;

4) пријавата за упис ги содржи сите податоци во согласност со закон;

5) кон пријавата за упис се приложени сите прилози утврдени со закон;

6) податоците внесени во пријавата за упис се исти како и податоците во прилозите кон пријавата;

7) под иста фирма, односно назив или име е регистриран друг субјект на упис и

8) кон пријавата за упис е приложен доказ за уплатениот надоместок за уписот.

(2) При уписот регистраторот:

1) не ја испитува законитоста и вистинитоста на содржината на прилозите (исправите и доказите) што се поднесуваат при упис во регистрите;

2) не ја испитува законитоста на постапката во која тие се донесени и

3) не испитува дали податоците што се запишуваат во регистрите се вистинити и во согласност со закон.

(3) За вистинитоста и законитоста на прилозите и податоците од ставот (2) на овој член одговара лицето, односно лицата определени со закон.

**Повеќе барања со една пријава**
**Член 40**

(1) Регистраторот истовремено одлучува по барање за упис во регистарот на сите податоци коишто се содржани во пријавата за упис.

(2) Ако во пријавата за упис се наведени повеќе барања за упис на промена на податоци запишани во регистарот, може да се донесат различни решенија за одделни барања.

**Решение за упис**
**Член 41**

(1) Ако регистраторот утврди дека се исполнети условите за упис согласно со членот 39 од овој закон, во рок од 4 часа од моментот на доставување на комплетната документација ќе донесе решение за упис.

(2) Решението за упис во регистарот се донесува без образложение.

(3) Кога пријавата за упис се поднесува во електронска форма рокот од ставот (1) на овој член се смета од денот на приемот на пријавата и прилозите кон пријавата во писмена форма.

(4) Решението за упис се извршува со денот на неговото донесување.

(5) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(6) Предбележба на податоците, за коишто е определено со закон се врши со заклучок со кој се констатира предбележбата на податоците.

**Член 41-а**

(1) Доколку регистраторот не го донесе решението од членот 41 став (1) на овој закон, односно не ја одбие пријавата за упис во рокот од членот 41 став (1) на овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на директорот на Централниот регистар за донесување на решение по поднесеното барање.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето доставува и копија од барањето од членот 32 на овој закон.

(4) Директорот на Централниот регистар е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член до писарницата на директорот на Централниот регистар да донесе решение со кое барањето за упис на податоци во регистарот е уважено или одбиено. Доколку директорот на Централниот регистар нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Централниот регистар.

(5) Доколку директорот на Централниот регистар не донесе решение во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во Централниот регистар дали е спроведена постапката согласно со овој закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за преземените мерки.

(7) Инспекторот по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Централниот регистар во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести Државниот управен инспекторат и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(8) Доколку директорот на Централниот регистар не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој директорот на Централниот регистар ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку директорот на Централниот регистар не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (6) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (5) на овој член или не поднесе пријава согласно со ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Централниот регистар дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случаите од ставот (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три дена го информира подносителот на барањето за прекршок утврден во Законот за управната инспекција.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку директорот на Централниот регистар не одлучи во рок од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.

(18) Подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

(19) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Централниот регистар.

### Доставување на решение
### Член 42

(1) Централниот регистар, по внесувањето на податоците од членот 4 на овој закон, решението за упис го доставува на субјектот на уписот и до други субјекти кога тоа е определено со закон.

(2) Решението за упис од ставот (1) на овој член се доставува без одлагање по претходно доставен доказ за уплатениот надоместок на трошоците на Централниот регистар.

(3) Датумот на приемот на решението се забележува на решението во писмена форма и се внесува во решението во електронска форма.

(4) Решението донесено во постапка на електронско поднесување на документите за упис во регистарот се смета за доставено кога истото ќе биде објавено на официјалната интернет страница на Централниот регистар на Република Македонија.

(5) Централниот регистар е должен да испрати примерок од решението определено во ставот (4) од овој член на адресата на електронското сандаче на субјектот на упис за кој е донесено решението.

**Исправка на грешки**
**Член 43**

(1) Ако меѓу податоците запишани во регистарот и податоците запишани во решението постои неусогласеност во поглед на имињата или броевите, пишувањето или сметањето, како и други очигледни грешки во решението или неговите заверени преписи, регистраторот кој го потпишал или издал решението во секое време може да ги исправи грешките. Исправката на грешките произведува правно дејство од денот од кој произведува правно дејство решението кое се исправа, а за третите лица од наредниот ден од објавување на исправката.

(2) За исправката се донесува посебен заклучок. Исправката се внесува во оригиналот на решението и се издава пречистен текст на решението. Пречистениот текст од решението го потпишува регистраторот кој го потпишал заклучокот за исправката.

(3) Против заклучокот со кој решението се исправа или со кој се одбива предлогот за исправање, е допуштена посебна жалба.

**Право на жалба и надлежност за решавање по жалба**
**Член 44**

(1) Против решението за упис е дозволена жалба.

(2) По жалбата против првостепеното решение, односно кога е предвидена можност за право на посебна жалба по заклучок, како второстепен орган решава Комисијата за жалби.

(3) Жалбата се поднесува во рок од 15 дена од денот на приемот на решението во писмена форма, односно од денот на неговото објавување на веб страницата на Централниот регистар на Република Северна Македонија кога истото е доставено во електронска форма.

(4) Подносителот на жалбата не може да се повикува на податоци коишто не ги внел во пријавата за упис и на прилози коишто не ги доставил.

(5) Кога со овој закон е определено право на жалба по заклучок, а не е определен рокот за посебна жалба, рокот изнесува три дена од денот на приемот на заклучокот во писмена форма, односно од денот на неговото објавување на веб страницата на Централниот регистар на Република Северна Македонија ако е доставен во електронска форма.

**Предавање на жалба**
**Член 45**

(1) Жалбата непосредно се предава или се испраќа по препорачана пошта до Централниот регистар.

(2) Ако жалбата е испратена или предадена непосредно на Комисијата за жалби, се смета како да е предадена на Централниот регистар.

**Постапување на првостепен орган по жалба**
**Член 46**

(1) Централниот регистар испитува дали жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице.

(2) Недопуштената, ненавремената или од неовластено лице изјавената жалба се отфрла со решение.

(3) Навременоста на жалбата што е предадена или испратена непосредно на Комисијата за жалби, се оценува според денот кога е примена од Комисијата за жалби.

(4) Против решение со кое е отфрлена жалбата врз основа на ставот (2) од овој член, подносителот на барањето за упис има право на жалба. Ако Комисијата за жалби најде дека дека жалбата е оправдана ќе реши истовремено и по жалбата што била отфрлена.

**Одлучување по жалба**
**Член 47**

(1) Ако Централниот регистар најде дека жалбата е оправдана, а не е потребно да се спроведува нова постапка, барањето во пријавата за упис може да го усвои и со ново решение да го замени решението што се побива со жалбата.

(2) Ако Централниот регистар не постапи според ставот (1) од овој член, е должен без одлагање жалбата заедно со списите да ја испрати на решавање на Комисијата за жалби.

**Состав на Комисијата за жалби**

**Член 48**

(1) Комисијата за жалби има три члена од кои еден претседател и два члена и нивни заменици.

(2) Членовите на Комисијата за жалби ги именува Владата на Република Северна Македонија. -

(3) Членовите на Комисијата за жалби се именуваат од редот на дипломирани правници со положен правосуден испит и со работен стаж не помал од пет години на правни работи по полагањето на испитот. Именувањето се врши за период од четири години, со тоа што исто лице може да биде повторно именувано.

(4) Во Комисијата за жалби член не може да биде лице вработено или именувано во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(5) Владата на Република Северна Македонија може да го разреши членот на Комисијата за жалби пред истекот на времето за кое е именуван, и тоа:

1) на барање на членот на Комисијата за жалби;

2) ако членот на Комисијата за жалби не ја врши својата функција во согласност со закон, по претходно спроведена постапка и утврдена фактичка состојба;

3) ако е осуден за кривично дело за коешто е предвидена казна затвор во траење подолго од шест месеца или му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност, во траење подолго од шест месеца;

4) во случај на спреченост за вршење на функцијата поради болест подолго од шест месеца и

5) злоупотреба на функцијата.

**Начин на работа и одлучување на Комисијата за жалби**
**Член 49**

(1) Комисијата работи и одлучува во совет од три члена. Одлуките ги донесува советот со мнозинство гласови.

(2) Комисијата именува секретар на Комисијата кој ги врши стручните работи за работа и одлучување на Комисијата од редот на вработените во Централниот регистар.

(3) Комисијата за жалби донесува Деловник за работа со кој го уредува начинот на работа и одлучување.

**Решавање на Комисијата за жалби**
**Член 50**

(1) Комисијата за жалби ќе ја отфрли жалбата ако е недопуштена, ненавремена или изјавена од неовластено лице.

(2) Комисијата за жалби може да ја одбие жалбата, да ја уважи жалбата, да го поништи решението делумно или во целост, или да го измени решението.

(3) Комисијата за жалби ќе ја одбие жалбата кога ќе утврди дека постапката што му претходела на решението е спроведена правилно и дека решението е засновано врз закон, а жалбата неоснована.

**Постапување на Комисијата за жалби по ништовно решение**
**Член 51**

(1) Ако Комисијата за жалби утврди дека во првостепената постапка е сторена повреда која решението го прави ништовно, ќе го огласи таквото решение за ништовно.

(2) Ако Комисијата за жалби утврди дека првостепеното решение не го донел регистраторот, ќе го поништи тоа решение по службена должност и предметот ќе му го достави на Централниот регистар на решавање.

**Поништување и измена на првостепено решение**
**Член 52**

Ако Комисијата за жалби утврди дека во првостепената постапка се направени повреди што имале влијание врз решавањето на барањето за упис, или дека диспозитивот на побиваното решение е нејасен или дека погрешно е применет законот врз основа на кој се решава по пријавата за упис, таа со свое решение ќе го поништи првостепеното решение и ќе му укаже на регистраторот во кој поглед треба да се надополни постапката за упис, а регистраторот е должен во се да постапи по второстепеното решение и без одлагање да донесе ново решение.

**Измена на решение и покрај барањето поставено во жалбата**
**Член 53**

Со цел за правилно решавање на барањето за упис, Комисијата за жалби може по повод на жалбата да го измени решението во корист на жалителот и покрај барањето поставено во жалбата, а во рамките на барањето поставено во првостепената постапка.

**Жалба кога не е донесено првостепено решение**
**Член 54**

Ако подносител изјавил жалба на пријава за упис по чие барање регистраторот не донел решение во роковите определени со овој закон, Комисијата за жалби ако најде дека не е донесено решението во рокот поради оправдани причини, на регистраторот ќе му определи рок за донесување на решение, кој не може да биде подолг од пет дена. Ако причините поради кои не е донесено решение во рокот не се оправдани, Комисијата за жалби ќе бара регистраторот да и ги испрати списите на предметот на решавање и потоа сама ќе ја реши работата. Ова решение е конечно.

**Рок за донесување решение по жалба**
**Член 55**

(1) Решение по жалба мора да се донесе и да се испрати на странката во најкус можен рок, а најдоцна во рок од 14 дена сметајќи од денот на поднесувањето на жалбата.

(2) Ако странката се откаже од жалбата, постапката по жалбата се запира со заклучок.

**Примена на закон и судска заштита**
**Член 56**

(1) Во недостаток на одредби за постапката за упис, уредени со овој закон, се применува Законот за општата управна постапка, со исклучок на одредбите од членовите 114, 115, 116, 117, 121, 122, 123,124 и 125.

(2) Против конечно решение може да се поведе управен спор.

**Датум, време на упис и објавување на запишани податоци**
**Член 57**

(1) Податоците од пријавата за упис се сметаат за запишани во регистарот со денот на донесувањето на решението, освен ако со друг закон поинаку не е определено.

(2) Податоците запишани во основните регистри се објавуваат на веб страницата на Централниот регистар.

(3) Упис на податок запишан во основен регистар има правно дејство спрема трети лица наредниот ден од денот на објавувањето извршено според ставот (2) од овој член, освен ако со друг закон поинаку не е определено.

**4. Упис на бришење од регистар и неактивен субјект на упис**

**Бришење на упис во регистарот**
**Член 58**

Кога се исполнети условите за бришење на запишан субјект на упис во регистар или на некој запишан податок на субјект на упис врз основа на правосилната одлука или врз основа на закон регистраторот, по службена должност, донесува решение за бришење на упис од регистар.

### Бришење на упис по службена должност
### Член 59

(1) Кога со правосилна одлука е утврдено дека над субјект на упис е започната ликвидациона или стечајна постапка, постапка за реорганизација или друга постапка која се однесува на податок запишан во регистар, регистраторот по службена должност донесува решение за упис на тој податок. По спроведување на постапката за стечај, односно ликвидација се врши упис на бришењето на субјектот на упис во соодветниот регистар. Органот кој ја спровел постапката по завршување на истата, без одлагање до Централниот регистар доставува доказ за тоа (правосилно решение ) и доказ за уплатен надоместок на трошоците на Централниот регистар, врз основа на кој регистраторот донесува решение за бришење со кое субјектот на упис го брише во соодветниот регистар. Решението за бришење на субјектот на упис има правно дејство спрема трети лица од денот кога е објавено на веб страницата на Централниот регистар.

(2) Регистраторот до органот од ставот (1) на овој член ќе достави препис од решението за бришење на субјектот на упис од регистарот.

### Достапност на бришаните податоци
### Член 60

(1) Бришењето во регистар на запишан субјект на упис или на запишан податок за субјект на упис останува евидентиран во регистарот со назнака „бришан субјект на упис" или „бришан податок" при што се наведува основот за бришење и времето на бришењето.

(2) Сите бришани податоци во регистар на запишан субјект на упис трајно се чуваат во регистарот и се достапни на заинтересираните лица, под условите под кои се достапни останатите податоци кои ги води Централниот регистар.

### Евидентирање на неактивен субјект на упис
### Член 61

(1) На субјектот на упис којшто не доставил годишна сметка или финансиски извештај до Централниот регистар, Централниот регистар му доделува статус „неактивен" што се прибележува во неговата регистрација и се објавува на веб страницата на Централниот регистар.

(2) На барање на овластеното лице се брише статусот на неактивен субјект на упис ако субјектот на упис:

- ги поднесе годишната сметка или финансискиот извештај;
- го потврди образецот за идентичноста на податоците запишани во регистарот согласно со членот 67 став (5) од овој закон и
- го плати надоместокот за извршената услуга.

## 5. Надоместок на трошоците

### Член 62

За извршените услуги коишто се однесуваат на уписите во регистрите, при бришење на уписите во регистрите, жалбите по уписите, обработувањето, обединувањето, класифицирањето, селектирањето, складирањето, чувањето и користењето на податоците запишани во регистрите и на прилозите, како и

дистрибуирањето на податоците до заинтересираните корисници и другите работи кои согласно со овој закон ги врши Централниот регистар, се наплаќа надоместок утврден согласно со Тарифата на Централниот регистар.

## IV ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

### Прекршоци
### Член 63

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска протввредност ќе му се изрече за прекршок на микро трговец, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец кој води основен или посебен регистар ако на Централниот регистар не му ги достави податоците со кои располага, не му овозможува нивно непречено користење или не му дава објаснувања и помош во врска со вршењето на работите од својата надлежност (член 5 став (1)).

(2) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

**Членот 64 е избришан,** види: Закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на РМ” бр.150/07).

### Член 65

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска протввредност ќе му се изрече за прекршок на микро трговец, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец кој води основен или посебен регистар доколку до Централниот регистар:

- не достави примерок од решението за извршениот упис во регистарот (член 13 став (1)) и
- не ги пренесе запишаните податоци во електронска форма врз основа на планот донесен од Централниот регистар (член 72).

(2) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

### Член 66

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска протввредност ќе му се изрече за прекршок на микро трговец, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за

прекршок на среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец кој нема да го воведе и користи ЕМБС како единствен идентификатор согласно со членот 6 на овој закон (член 71 став (2)).

(2) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот 1 на овој член.

**Член 66-а**

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска протввредност ќе му се изрече за прекршок на субјектот на упис - микро трговец, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на субјектот на упис - мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на субјектот на упис - среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на субјектот на упис - голем трговец, доколку не постапи согласно со членот 21 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот 1 на овој член.

(3) Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на субјектот на упис-физичко лице, доколку не постапи согласно со членот 21 од овој закон.

**Член 66-б**

Одмерувањето на висината на глобата на правното лице се врши согласно со Законот за прекршоци.

**Член 66-в**

Прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## V ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Единствен трговски регистар

**Член 67**

(1) Единствениот трговски регистар на територијата на Република Македонија ќе се воспостави до 31 декември 2005 година.

(2) Од 1 јануари 2006 година Централниот регистар го презема од надлежните судови водењето на трговскиот регистар, заедно со преносот на запишаните податоци коишто се водат во трговските регистри на Основниот суд Скопје I во Скопје, Основниот суд во Битола и Основниот суд во Штип.

(3) Основниот суд Скопје I во Скопје, Основниот суд во Битола и Основниот суд во Штип се должни најдоцна до 31 октомври 2005 година, по динамика што ќе ја утврдат со Централниот регистар, да ја достават својата документација за субјектите на упис кои се запишани во трговските регистри заклучно со 31 декември 2004 година, и тоа: електронската база на податоци, главната книга, регистарските влошки, збирките на исправи, деловодниците и целата друга

документација која е воспоставена за водење на регистрите. Ако дел од документацијата не може физички да се издвои од судската документација на Централниот регистар му се издава копија од тој дел на судската документација. Преземената документација останува во трајно чување кај Централниот регистар.

(4) Пренесувањето на податоците од ставот (2) на овој член за уписите извршени во трговските регистри од 1 јануари 2005 заклучно со 31 декември 2005 година ќе се врши континуирано по динамика што ќе ја утврдат надлежните судови од ставот (2) на овој член и Централниот регистар најдоцна до 31 декември 2005 година.

(5) По пренесувањето на податоците од трговските регистри од ставовите (2) и (3) на овој член од писмена во електронска форма, Централниот регистар доставува решение од единствениот трговски регистар до субјектот на уписот кој е должен во рок од 15 дена од денот на приемот да ја потврди идентичноста на податоците запишани во регистрите од ставовите (2) и (3) на овој член со решението во единствениот трговски регистар. Потврдувањето се врши од застапникот по закон со изјава на образец определен од Централниот регистар.

(6) Субјектот на уписот има право на жалба на решението, во однос на идентичноста на податоците запишани во регистрите, во рок од осум дена по приемот на решението од ставот (4) на овој член.

(7) Субјектите на упис коишто нема да ја исполнат обврската од ставот (5) на овој член, Централниот регистар ги евидентира како неактивен субјект на упис.

**Преземање на судските регистри**

**Член 68**

(1) Регистарот на другите правни лица ќе се воспостави до 30 септември 2006 година.

(2) Од 30 септември 2006 година Централниот регистар го презема од надлежните судови водењето на судските регистри во регистарот на други правни лица, заедно со преносот на запишаните податоци коишто се водат во судските регистри, освен единствениот судски регистар на политичките партии.

(3) По пренесувањето на податоците од судските регистри од писмена во електронска форма Централниот регистар доставува решение од регистарот на други правни лица до субјектот на уписот кој е должен во рок од 15 дена од денот на приемот да ја потврди идентичноста на податоците запишани во регистрите со решението од регистарот на други правни лица. Потврдувањето се врши од застапникот по закон, односно од друго овластено лице со закон со изјава на образец определен од Централниот регистар.

(4) Одредбата од ставот (3) на овој член не се применува на установите.

(5) Надлежните судови се должни најдоцна до 30 јуни 2006 година, по динамика што ќе ја утврдат со Централниот регистар, да ја достават својата документација за субјектите на упис кои се запишани во судските регистри, и тоа: електронската база на податоци, главната книга, регистарските влошки, збирките на исправи, деловодниците и целата друга документација која е воспоставена за водење на регистрите. Ако дел од документацијата не може физички да се издвои од судската документација на Централниот регистар му се издава копија од тој дел на судската документација.

(6) Од судскиот регистар не се врши пренос на запишаните податоци за субјектите кои не се усогласиле според Законот за трговските друштва од 1996 и 2004 година. Податоците за субјектите на упис се преземаат во писмена форма како што се водат во судовите од ставот (2) на овој член и не се преземаат во регистарот на други правни лица во писмена и електронска форма.

**Член 69**

(1) Субјектите на упис кои се водат во трговските регистри на основните судови Скопје I во Скопје, во Битола и во Штип, во електронска и во писмена форма, кои не добиле број на деловен субјект (БДС) од Државниот завод за статистика ќе можат да се запишат во единствениот трговски регистар ако согласно со овој закон добијат ЕМБС.

(2) Ако субјектите од ставот (1) на овој член до 31 декември 2005 година не добијат ЕМБС согласно со овој закон, се смета дека не ја завршиле постапката за упис согласно со овој закон и на субјектот на упис му се доделува статус „неактивен".

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член се применуваат и на субјектите запишани во судските регистри. Рокот од ставот (2) на овој член тече од денот на преземањето на судските регистри определен со овој закон.

**Решавање по започнатите постапки**

**Член 70**

(1) Започнатите постапки за упис во Трговскиот регистар до 31 декември 2005 година ќе се завршат врз основа на прописите според кои се започнати.

(2) Започнатите постапки за упис до 29 септември 2006 година, кои се запишуваат во регистарот на други правни лица, ќе се завршат врз основа на прописите според кои се започнати.

(3) Судот по завршената постапка за упис без одлагање ќе го достави решението со целокупната документација до Централниот регистар.

**Замена на број или друг идентификатор со ЕМБС**

**Член 71**

(1) Прописите со кои поблиску се уредуваат начинот, формата и содржината на спроведбените инструменти за спроведување на одредбите од овој закон со кои се уредува ЕМБС надлежните органи и организации ќе ги усогласат со одредбите на овој закон најдоцна до 31 декември 2005 година.

(2) Надлежните државни органи, организации и другите институции имаат обврска во своите бази на податоци или друг вид на евиденција да го внесат и во меѓусебната комуникација да го користат единствениот матичен број на субјектот на упис (ЕМБС) како единствен идентификатор најдоцна до 30 јуни 2006 година.

**Обврска за пренос на податоци**

**Член 72**

(1) Преносот на податоците што се запишани во основните регистри или други евиденции коишто се водат согласно со закон за занаетчии, адвокати, нотари, индивидуални земјоделци и синдикални организации се врши од писмена во електронска форма најдоцна до 30 јуни 2006 година.

(2) Преносот на податоците од ставот (1) на овој член ќе се изврши според план за пренос на податоците кој Централниот регистар ќе го донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 73**

(1) Правилникот за обрасци предвиден со овој закон министерот за економија ќе го донесе во рок од 90 дена од денот на влегувањето на сила на овој закон.

(2) Именувањето на регистраторот ќе се изврши во рок од 90 дена од денот на влегувањето на сила на овој закон.

(3) Именувањето на членовите на Комисијата за жалби ќе се изврши во рок од 90 дена од денот на влегувањето на сила на овој закон.

**Член 74**

(1) Од денот кога Централниот регистар ќе започне да го применува електронскиот потпис согласно со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*), подносителот кој пријавата за упис и прилозите кон пријавата ги поднел по електронски пат не е должен истите да ги достави и во писмена форма.

(2) Од денот кога Централниот регистар ќе започне да го применува електронскиот потпис согласно со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*), рокот од членот 41 став (3) на овој закон се смета од денот на приемот на пријавата за упис и прилозите кон пријавата кои се поднесуваат во електронска форма.

**Член 75**

(1) Од 1 јануари 2006 година престанува да важи Законот за Национална класификација на дејностите („Службен весник на Република Македонија" број 7/98).

(2) Централниот регистар работите од членот 4 на овој закон ќе ги врши преку едношалтерскиот систем почнувајќи од 1 јануари 2006 година.

**Влегување во сила на овој закон**

**Член 76**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

***од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на РМ" бр. 13/07)***

**Член 16**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
### *од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на РМ" бр. 150/07)*

**Член 16**

Работите од членот 2 алинеи 7 и 8, членот 9 и членот 11 ќе се вршат преку едношалтерскиот систем почнувајќи од 1 јули 2008 година.

**Член 17**

За сите субјекти запишани во трговскиот регистар до влегувањето во сила на овој закон автоматски важи општата клаузула за бизнис.

**Член 18**

Подзаконските прописи кои произлегуваат од овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој закон.

**Член 19**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
### *од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на РМ" бр. 140/08)*

**Член 5**

Преносот на податоците од членот 13 на овој закон се врши од писмена во електронска форма најдоцна до 30 септември 2009 година.

Преносот на податоците од ставот 1 на овој член ќе се изврши според план за пренос на податоците кој Централниот регистар ќе го донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Прописите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
### *од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на РМ" бр. 17/11)*

**Член 18**

Централниот регистар на Република Македонија ќе воведе изразување на деловните и финансиските податоци за субјектите кои се запишани во регистрите и на другите податоци со кои располага во меѓународно прифатен стандардизиран софтверски јазик од 1 јануари 2013 година.

**Член 19**

Прописите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 20**

Субјектите на упис запишани во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица се должни најдоцна до 1 април 2011 година да поднесат пријава за упис на адреса на електронско сандаче за достава на писмена и други податоци кои се донесуваат во електронска форма преку едношалтерскиот систем.

**Член 21**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
***од Законот за дополнување на***
***Законот за едношалтерскиот систем и за водење на***
***трговскиот регистар и регистар на други правни лица***
***(„Службен весник на РМ" бр. 53/11)***

**Член 2**

Подзаконскиот акт од членот 41-а став (2) на овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
***од Законот за изменување и дополнување на***
***Законот за едношалтерскиот систем и за водење на***
***трговскиот регистар и регистар на други правни лица***
***(„Службен весник на РМ" бр. 70/13)***

**Член 6**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 7**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за едношалтерски систем и водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на РМ" бр. 115/14)***

**Член 4**

За пријавите за упис поднесени од денот на влегувањето во сила на овој закон до 31 декември 2014 година, уписот на адресата на електронското сандаче за прием на писмена ќе се врши без надоместок, освен за пријавата за упис на промена на адреса на електронско сандаче за прием на писмена.

**Член 5**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за едношалтерскиот систем и водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица .

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на РМ" бр. 97/15)***

**Член 9**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за едношалтерски систем и водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 ноември 2015 година.

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на РМ" бр. 192/15)***

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
### *од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на РМ" бр. 53/16)*

**Член 5**

Одредбите од членовите 1 и 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
### *од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на РСМ" бр. 98/19)*

**Член 5**

Прописите со кои поблиску се уредуваат начинот, формата и содржината на обрасците за упис, во врска со внесувањето на број на ДДВ обврзник министерот за економија ќе ги усогласи во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

### *ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 68/2007 ("Службен весник на РМ" бр. 115/07):*

1. СЕ УКИНУВА член 48 став 2 во делот „со Одлуката за именување на Комисијата, Владата ја определува висината на надоместокот за работа на Комисијата која се исплаќа од страна на Централниот регистар" од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/2005).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

### *ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 145/2008, ("Службен весник на РМ" бр 17/09):*

1. СЕ УКИНУВА делот: „а ќе се применува од 1 јануари 2007 година" од членот 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија" бр.13/2007).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 68/2009 ("Службен весник на РМ" бр 28/10)***

1. СЕ УКИНУВА член 15 став 4 во делот: „надоместок за работа...", од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија" бр.84/2005, 13/2007, 150/2007 и 140/2008).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 67/2015 ("Службен весник на РМ" бр 114/16)***

1. СЕ УКИНУВА член 35 став 7 од Законот за едношалтерски систем и водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија" бр.84/2005, 13/2007, 150/2007, 140/2008, 17/2011, 53/2011, 70/2013, 115/2014, 97/2015 и 192/2015).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на РСМ" бр. 122/21)**

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на РСМ" бр. 215/21)**

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".